**20081523149**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на член 31 став 3 од Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 79//2007), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ВО ПОГЛЕД НА ПОТРЕБНАТА ОПРЕМА КОЈА ТРЕБА ДА ЈА ПОСЕДУВААТ ОВЛАСТЕНИ НАУЧНИ СТРУЧНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ КАКО И ДРУГИ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА, ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА МОНИТОРИНГ НА БУЧАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат овластени научни стручни организации и институции како и други правни и физички лица, за вршење на определени стручни работи за мониторинг на бучава.

Член 2

Овластените научни, стручни организации и институции како и други правни и физички лица треба да поседуваат опрема за вршење на мониторинг на бучава која овозможува спроведување на сите мерења на бучава, и тоа лабораториско, и мерење во теренски услови.

Член 3

Опремата за вршење на мониторинг на бучава се состои од уреди за мерење на бучава кои можат адекватно да ги обработат резултатите од мерењата на бучавата и со автоматски приказ на резултатите можат да бидат испечатени веднаш по мерењето.

Опремата за мерење на бучавата треба да биде конструирана за одредување на јачина на звук со А-тежинска крива (LA) и директно или индиректно одредување на енергетско еквивалентно ниво на бучава (LAeq).

Член 4

Опремата за мониторинг на бучава треба да биде согласно националните и стандардите на Европската Унија, како и да има доказ за редовна калибрација.

Член 5

Опремата што ја поседуваат овластените научни, стручни организации и институции како и други правни и физички лица кои вршат мерење на бучава, треба да биде во согласност со последните современи научни и технички достигнувања.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-7972/1
1 декември 2008 година
Скопје

Министер,
д-р **Неџати Јакупи**, с.р.